РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 11-1442/21
16-05-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-та седница одржана на 05.05.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по предмет број 12-4450/1 од 24.09.2019 година **СЕ ЗАПИРА**.

Анализата на доставените документи обезбедена за утврдување на фактичката состојба не упатува на неосновани исплати кон адвокати или адвокатски друштва поради што ДКСК кај анализираните субјекти не констатира злоупотреба на службена положба и овластувања.

Предметот број 12-4450/1 од 24.09.2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот број 12-4450/1 од 24.09.2019 е оформен по сопствена иницијатива, врз основа на написи во медиуми со сомнежи за основаноста на исплатите кон адвокати или адвокатски друштва од јавните претпријатија во државна сопственост и Градот Скопје. За проверка на податоците, ДКСК достави барања за обезбедување документација од неколку правни лица: Јавно претпријатие за --------------, А.Д. ----------------, ЈП -----------, -------- АД, ------------------- АД, ЈП ------------, ЈП -------------, ----------- на РСМ, ЈП -----------------.

Од увидот и анализа на прибавената документација ДКСК утврди дека анализираните субјекти ангажираат адвокати или адвокатски друштва за застапување пред надлежни судови и решавање на спорови поврзани со наплата на своите побарување кои произлегуваат од услугите кои ги обезбедуваат како кон други правни лица, така и кон граѓаните. Поради ограничениот или мал број на правници со правосуден испит кај овие субјекти, а големиот обем на ненаплатени побарувања, субјектите се приморани да ангажираат други адвокати.

Сите субјекти за ангажирање на адвокатите приложија договори со утврден месечен надомест, време на траење на договорот, како и опфат, односно опис на работите што ќе ги извршува. За обезбедување на адвокатски услуги не применуваат одредбите од Законот за јавни набавки, така што тоа е избор на самиот субјект врз основа на професионалноста на адвокатот, односно реномето на адвокатското друштво.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За извршените услуги, адвокатите редовно доставуваат фактури врз основа на што се извршени исплатите. По барање на ДКСК, дел од субјектите доставија и списи од предметите по кои адвокатите постапувале. ДКСК не ја ценеше висината на договорениот надомест имајќи во предвид дека висината на адвокатските услуги е дефинирана со Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите донесена од Адвокатската комора на РСМ.

Анализата на доставените документи од наведените правни субјекти и збирните констатации наведени претходно не упатуваат на неосновани исплати кон адвокати или адвокатски друштва поради што ДКСК во конкретните субјекти не констатира злоупотреба на службена положба и овластувања.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил/ Одобрил: К.Н

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk